# Европска повелба за Правата на пациентите

European Charter of Patients' Rights


Active Citizenship Network
Via Flaminia, 53 - 00196 Rome - Italy
tel. +39 06 367181 - fax +39 06 36718333
www.activecitizenship.net

ЦРИС Студиорум
Центар за регионални истражувања и соработка
ул. Никола Парапунов 6б, Комплекс Макотекс 1 кат
1000 Скопје, Република Македонија
tel./fax +389 2 3065 837
www.studiorum.org.mk


Active Citizenship Network (www.activecitizenship.net) is a European network of about 100 civic organisations from 30 countries promoted by the Italian NGO, Cittadinanzattiva. It is aimed at contributing to the development of a European active citizenship.

Active Citizenship Network (www.activecitizenship.net) е европска мрежа составена од 100 организации од 30 држави, промовирана од италијанската НВО, Cittadinanzattiva. Целта е придонес кон развивањето на европско активно граѓанство.

Европската повелба за правата на пациентите декларира 14 права на пациентите со кои се гарантира "висок степен на заштита на човековото здравје" (член 35 од Повелбата за фундаментални права на Европската унија) и се обезбедува висок квалитет на услугите кои ги обезбедуваат голем број здравствени установи во Европа. Овие 14 права претставуваат составен дел на фундаменталните права, поради што мора да бидат признаени и почитувани во секоја земја. Тие се во тесна врска со одговорностите и обврските и на пациентите и на здравствените работници.
Повелбата се однесува на сите, при тоа земајќи ги предвид разликите како што се возраста, полот, религијата, социе-економскиот статус и други, кои може да влијаат на здравствените потреби на поединецот.

## Права на активно граѓанство

Повелбата утврдува 3 права на активно граѓанство, со кои се гарантира можноста на граѓаните за промовирање и следење на имплементацијата на правата на пациентите, и како такви тие претставуваат неделлив дел на Повелбата.

- Право на спроведување активности од општ интерес
- Право на спроведување активности на застапување
- Право на учество во изработка на политики и носење одлуки

Европската повелба за правата на пациентите е изработена во 2002 година од страна на организацијата Active Citizenship Network во соработка со 12 граѓански организации од повеќе европски земји: Apovita (Португалија), Cittadinanzattiva (Италија), Confederación de Consumidores y Usurarios (Шпанија), Danish Consumer Council (Данска), Deutsche Gesellschaft für Versicherte und Patienten e. V. (Германија), Fédération Belge contre le Cancer (Белгија), International Neurotrauma Research Organization (Австрија), Irish Patients Association Ltd (Ирска), KE.P.K.A (Грција), Nederlandse Patiënten Consumenten Federatie (Холандија), The Patients Association (Велика Британија), Vereniging Samenwerkende Ouderen Patiëntenorganisaties (Холандија).

# ПРАВА НА ПАЦИЕНТИ ЗА СИТЕ

## 1 Право на превентивни мерки

Секој поединец има право на соодветна услуга во насока на превенција на било какво заболување.

## 2 Право на пристап

Секој поединец има право на пристап до здравствените услуги потребни за неговото/нејзиното здравје. Здравствените услуги мора да гарантираат еднаков пристап за сите, без дискриминација врз основа на финансиската состојба, место на живеење, видот на болеста или времето потребно за пристап до здравствените услуги.

## 3 Право на информации

Секој поединец има право на пристап до секој вид информација која има врска со неговото/нејзиното здравје, здравствените услуги и начинот на нивно користење, како и сите сознанија на науката и технолошките иновации кои се на располагање.

## 4 Право на согласност

Секој поединец има право на пристап до сите информации кои ќе му/и овозможат активно учество во донесувањето одлуки во врска со сопственото здравје; овие информации се предуслов за секоја медицинска процедура или третман и учество во научно истражување.

## 5 Право на слободен избор

Секој поединец има право на слободен избор меѓу расположивите процедури за лекување и здравствени работници, врз основа на соодветна информација.

## 6 Право на приватност и доверливост

Секој поединец има право на тајност на личните податоци и податоците во врска со неговото/нејзиното здравје, можната дијагноза или лекување, како и право на заштита на приватноста во текот на изведувањето на дијагностички испитувања, специјалистички посети и медицински/хируршки постапки воопшто.

## 7 Право на почитување на времето на пациентот

Секој поединец има право на потребно и навремено лекување. Ова право се однесува на секоја фаза од лекувањето.

## 8 Право на почитување на стандардите за квалитет

Секој поединец има право на пристап до квалитетна здравствена заштита заснована на прецизни стандарди.

## 9 Право на безбедност

Секој поединец има право да биде заштитен од штетите кои може да ги предизвика лошото функционирање на здравствениот систем, медицинска или лекарска грешка, како и право на пристап до здравствени услуги и лекување кои исполнуваат високи стандарди за безбедност.

## 10 Право на иновации

Секој поединец има право на пристап до иновативни процедури на лекување и дијагностика според меѓународните стандарди, независно од неговата економска или финансиска положба.

## 11 Право на избегнување на непотребно страдање и болка

Секој поединец има право максимално да ги избегне непотребното страдање и болка во секоја фаза на неговата/нејзината болест.

## 12 Право на персонализирано лекување

Секој поединец има право на дијагностички или терапевтски програми кои се максимално прилагодени на неговите/нејзините специфични потреби.

## 13 Право на жалба

Секој поединец има право на жалба за претрпена штета, страдање или болка, како и право на одговор односно фидбек.

## 14 Право на надомест

Секој поединец има право на доволен надомест во разумен временски период, во случај на претрпена физичка или морална и психолошка штета или страдање предизвикани од лекување или услуга во здравствениот систем.

ПРАВА НА ПАЦИЕНТИ ЗА СИТЕ